# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕТОДА НА АНАЛИЗА НА СТРУКТУРА И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО И ОРГАНИЗАЦИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНИ ПРОЦЕСИ НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

Со Одлука бр.2202 88/10 од 17.7.2017 година донесена на 61. седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет, одржана на 14.7.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите научни звања од наставно-научна областа „Метода на анализа на структура и функционирање на претпријатието и организација на административни процеси' на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" воШтип, во состав:

– **д-р Славчо Цветков**, вонреден професор на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, претседател;
– **д-р Радмил Поленаковиќ**, редовен професор на Машински факултет – Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, член;
– **д-р Мимоза Серафимова**, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 19.6.2017 година и во предвидениот рок се пријави д-р Мишко Џидров, доцент на Машински факултет.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Машински факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Мишко Џидров** е роден на 28 февруари 1981 г. во Штип, каде што ги завршува основното и средното образование. Дипломира на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, насока Индустриско инженерство и менаџмент, со просечна оценка 9,51. Се стекнува со диплома дипломиран машински инженер (1999-2004 г.). По дипломирањето кандидатот работи во Стопанска банка а.д. Скопје, како дел од VISA центарот и во Пексим - Скопје (PeximSolution) како проект менаџер. Во 2006 година под стипендија на Кинескиот совет за стипендии (ChinaScholarshipCouncil) се запишува магистерските студии во НР Кина, на Технолошкиот универзитет „Вухан", Хибеи провинција во НР Кина, Школо за менаџмент (Wuhan University of Technology, Hubei, China). Магистрира во 2009 година со истражување на тема „Истражување на ефектот на Земја на потекло – студија за Македонија" и се стекнува со диплома магистер по бизнис администрација – МБА (2006-2009 г.).

Во 2009 година е награден со дистинкција од Кинескиот совет за стипендии на НР Кина со стипендија за докторски студии. Кандидатот докторира на Технолошкиот универзитет Вухан, Хубеи провинција, НР Кина, Школо за менаџмент (Wuhan University of Technology, Hubei, China). Насловот на темата на докторатот е „*Влијание на ризик врз прераспределбата на капитал во заедничкото вложување при директни странски инвестиции во Република Македонија*". Притоа се стекнува со диплома **доктор на науки по менаџмент и инженерство** (2009-2012 г.).

Во 2012 година почнува наставно-образовната и научноистражувачката дејност на кандидатот, како доцент на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Од февруари 2015 година па до денес ги извршува работните задачи како продекан за настава на Машински факултет.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Доцент од научната област метода на анализа на структура и функционирање на претпријатието и организација на административни процеси, Одлука за избор бр. 0402-7/49 од 27.12.2012 г.
2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Misko Dzidrov**, Ljubica Stefanovska Ceravolo, Simeon Simeonov | From Efficiencyto Innovation-Driven Economy with Stimulation of Innovation | InternationalJournalofScientific&Engineering Research Volume 7, Issue 11, Noember-2016, ISSN 2229-5518 | Од 2010 |
| 2 | Stefanovska Ceravolo, Ljubica and Polenakovik, Radmil and**Dzidrov, Misko** | Summary of innovation models on a companylevel – creating a frame work for aninnovation model that willin crease a company'sinnovationactivity | International Scientific Journal Science Business Society, 1 (6). pp. 22-26. ISSN 2367-8380 | Од 2007 |
| 3 | **Dzidrov, Misko**and Simeonov, Simeon and Cvetkov, Slavco and Dimitrov, Sasko and Stefanovska Ceravolo, Ljubica | Study on the Importance ofKnowledge, Innovation and Entrepreneurship on the Country's Progress | InternationalJournalofScientific&Engineering Research, 6 (11). pp. 913-917. ISSN 2229-5518 | Од 2010 |
| 4 | **Dzidrov, Misko**and Mirakovski, Dejan and Simeonov, Simeon and Cvetkov, Slavco and Sovreski, Zlatko | Economic Freedom And Conflicts Tendencies In The Balkan Countries | InternationalJournalofScientific&Technology Research, 2 (10), October 2013. pp. 47-50. ISSN 2277-8616 | Од 2012 |
| 5 | **Dzidrov, Misko**and Mirakovski, Dejan and Simeonov, Simeon and Cvetkov, Slavco and Sovreski, Zlatko | Relation ship bet weene conomic free domand conflictin the Balkan region | InternationalJournalofScientific&Engineering Research, 4 (10). October-2013, pp. 433-436. ISSN 2229-5518 | Од 2010 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Доцент д-р Мишко Џидров работи на Машински факултет од 2012 година па до денес. Истата година е избран за доцент на истиот факултет со Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0402-7/49 од 27.12.2012 г., а од 25.2.2015 година па до денес ја извршува функцијата продекан за настава на Машински факултет.

Во изборниот период учествува во реализација на наставата по предмети од прв и втор циклус студии:

- Прв циклус:
- Насока: Производно машинство
- Предмети: Индустриски менаџмент, Инженерска економија
- Насока: Транспорт, организација и логистика
- Предмети: Индустриски менаџмент, Инженерска економија, Проектен менаџмент,

Човечки ресурси, Шпедиција и меѓународен транспорт, Интегрален развој на производи, Операциони истражувања, Менаџмент на МСП.

– Втор циклус:
– Студиска програма: Стратегиски менаџмент
– Предмети: Управување со проекти, Менаџирање со проектен ризик, Стратегиски менаџмент.

За потребите на наставата на Машински факултет, д-р Мишко Џидров ги има издадено следните скрипти и практикуми:

– Проектен менаџмент – скрипта, ISBN: 978-608-4708-57-5
– http://e-lib.ugd.edu.mk/230
– Практикум по проектен менаџмент, ISBN: 978-608-244-346-1,
– http://e-lib.ugd.edu.mk/590
– Индустриски менаџмент, ISBN 978-608-244-418-5
– https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php
– Практикум по индустриски менаџмент, ISBN 978-608-244-419-2
– https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php

Во прилог на документацијата за избор, кандидатот доц. д-р Мишко Џидров ги достави следниве трудови од меѓународни научни списанија и меѓународни академски собири:

Мишко Џидров, Љубица Стефановска-Чераволо, Симеон Симеонов, (2016) „Од ефикасна кон иновациски водена економија со стимулација на иновацијата“ (From EfficiencytoInnovation-Driven Economywith StimulationofInnovation). Меѓународно научно списание – Journal of Scientific&Engineering Research, Volume 7, Issue 11, ноември 2016, ISSN 2229-5518

Репозиториум: http://eprints.ugd.edu.mk/16839/

Стефановска-Чераволо, Љубица и Поленаковиќ, Радмил и Џидров, Мишко (2016) „Резиме на иновативни модели на ниво на компанија - создавање рамка за иновативен модел кој ќе ја зголеми иновациската активност на компанијата“ (Summary of innovation models on a companylevel – creating a frame work for aninnovationmodelthatwillincrease a company’sinnovationactivity), Меѓународно научно списание – International Scientific Journal Science Business Society, 1 (6). Стр.  22-26. ISSN 2367-8380

Репозиториум: http://eprints.ugd.edu.mk/16276/

Џидров, Мишко и Симеонов, Симеон и Цветков, Славчо и Димитров, Сашко и Стефановска Чераволо, Љубица (2015) „Студија за значењето на знаењето, иновациите и претприемништвото за напредокот на земјата“ (Study on theImportance of Knowledge, Innovation and Entrepreneurship on the Country’sProgress). Меѓународно научно списание – International Journal of Scientific&Engineering Research, 6 (11). Стр. 913-917. ISSN 2229-5518

Репозиториум: http://eprints.ugd.edu.mk/14533/

Мишко Џидров, Славчо Цветков, Теодора Стојанова, Александар Крстев (2014) „Влијанието на иновациите и претприемништвото врз економскиот раст“ (Influenceofinnovationandentrepreneurship on theeconomicgrowth) Меѓународна публикација – зборник, InternationalConference on MassCustomizationandPersonalization (MCP-CE 2014), ManagingCo-creationandPersonalizationinCentralEurope – Нови Сад, Србија, 23-26 септември 2014.

Репозиториум: http://eprints.ugd.edu.mk/12141/

Теодора Стојанова, Дејан Мираковски, Валентина Гечевска, Симеон Симеонов, Мишко Џидров (2014), „Вклученост на купувачи во процесот на креирање на производи во македонските компании“ (Customerinvolvementintoproductcreationprocessin Macedoniancompanies), Меѓународна публикација – зборник, International Conference on MassCustomization and Personalization (MCP-CE 2014), Managing Co-creation and Personalizationin Central Europe – Нови Сад, Србија, 23-26 септември 2014.

Репозиториум: http://eprints.ugd.edu.mk/12143/

Џидров, Мишко и Мираковски, Дејан и Симеонов, Симеон и Цветков, Славчо и Соврески, Златко (2013) „Тенденции за економски слободи и конфликти во балканските земји“ (EconomicFreedomAndConflictsTendenciesInThe Balkan Countries), Меѓународно научно списание – International Journal of Scientific&Technology Research, 2 (10), октомври 2013. Стр. 47-50. ISSN 2277-8616

Репозиториум: http://eprints.ugd.edu.mk/8039/

Џидров, Мишко и Мираковски, Дејан и Симеонов, Симеон и Цветков, Славчо и Соврески, Златко (2013), „Однос помеѓу економската слобода и конфликтот во балканскиот регион“ (Relationship between economic freedomandconflictinthe Balkan region), Меѓународно научно списание – International Journal of Scientific&Engineering Research, 4 (10). октомври 2013, стр. 433-436. ISSN 2229-5518

Репозиториум: http://eprints.ugd.edu.mk/7831/

Доцент д-р Мишко Џидров е учесник во повеќе проекти, од кои:

- Project EuropeAID MK-2010-EOT-2804616920, RISE! - RomaInclusionthroughSocialEntrepreneurship, Budgetline: IPA-HumanResourceDevelopment 04 06 01;
- Twinningcontract: Developingcooperationbetweenhighereducationinstitutions, theprivatesectorandrelevantpublicbodies (MK 13 IBSO 01) (July 2016 - September 2017). Project financedbyEuropeanUnion;
- Erasmus+ Project “CRAYON’s” KeyActivity 2: StrategicPartnerships (September 2015 - September 2017);
- Erasmus + Project “ECO-SystemApp” KeyActivity 2: StrategicPartnerships (September 2015 - September

Кандидатот е член и на:

- Меѓународни експерти - TempusPublicFoundation (од 2014);
- Надворешен евалуатор за Еразмус + проекти во високото бразовнание во Србија (2017-2020) Externalevaluatorsfor the Erasmus+ projectproposalsinSerbia Foundation TempuspoolofexpertsofprojectsinthefieldofHE, FoundationTempus (2017 – 2020).

Доцент д-р Мишко Џидров е дел и од:
- Лице за контакт за надворешна евалуација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, од European University association (EUA), и тоа во два наврати, 2014 и 2017 година.
- Дел од Комисијата за самоевалуација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
- Дел од Комисијата за ISO ре-сертификација си стандарди за квалитет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Мишко Џидров зема активно учество во планирањето, утврдувањето и развојот на високообразовната дејност на Машински факултет. При извршување на функцијата продекан за настава во континуитет презема мерки за унапредување на квалитетот на образованието и заштита на стандардот на студентите и вработените. Во временскиот период од изборот во продекан до денес, д-р Мишко Џидров учествува во: изработката на информатори за наставните програми; промотивни кампањи за факултетот; презентација при посети на средни училишта; меѓународна соработка и потпишување на договори со универзитети од странство преку програмата Еразмус за студентска и академска мобилност со Универзитети во Грција и Шпанија; иницирање и реализација на меморандуми за соработка со различни институции, меѓу кои и со Техничкиот универзитет во Вухан.

Од горенаведеното може да се забележи дека кандидатот д-р Мишко Џидров покажува богата активност во повеќе сфери на наставно-научната дејност, научноистражувачката и апликативно-раководната активност. Земајќи го предвид широкиот дијапазон на неговиот интерес и неговата активност како доцент, истражувач и научник, неспорен е впечатокот за исклучителноста на неговиот интелектуален капацитет и придонесот во науката.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната досегашна активност на кандидатот доц. д-р Мишко Џидров, објавените научни и стручни трудови, учеството на домашни и меѓународни конференции и семинари, како и ангажираноста во наставата, може да се заклучи дека кандидатот поседува квалитети за научноистражувачка и наставна работа. Рецензентската комисија оценува дека доц. д-р Мишко Џидров ги исполнува условите да биде избран во наставно-научното звање вонреден професор, согласно со ЗВО и Правилникот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

За целокупната активност во периодот од избор во доцент до денес, кандидатот доц. д-р Мишко Џидров има по основа на научноистражувачка дејност, наставно-образовна дејност и стручно-апликативна дејност, остварено (НО + НИ + САОР = 30 + 55 + 29) или вкупно 114 поени.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Машински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **д-р Мишко Џидров да биде избран во звањето вонреден професор во научната област метода на анализа на структура и функционирање на претпријатието и организација на административни процеси.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Славчо Цветков, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Радмил Поленаковиќ, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Мимоза Серафимова, вонреден професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање доцент | 1 x 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | | | (Првавтор) 4 x 9 = 36 (Останат автор) 1x 3 = 3 | | 39 |
| **2** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | | | 2 x 3 = 6 | | 6 |
| **3** | Учесник во научен проект | 1 x 2 | 2 | 2 x 3 | 6 | 8 |
| **4** | Член на организационен или научен одбор на научен собир | | | 1 x 2 | 2 | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **55** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Продекан | 1 | 8 | | | **8** |
| **2** | Раководител на катедра | 1 | 4 | | | **4** |
| **3** | Член на универзитетска комисија (Комисија за евалуација на УГД, Комисија за ISO, надворешна евалуација) | 3 | 5 | | | **15** |
| **4** | Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **29** |
| | | (НО) | (НИ) | (САОР) | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | 30 | 55 | 29 | **114** | |